ПРАВИЛА ЗА УЧЕСТВО
ВО НАГРАДНАТА ПРОМОЦИЈА „#ISTYLEfamily"

## 1. Организатор на наградната промоција

Организатор на акцијата е Друштво за трговија и услуги увоз-извоз АЈ СТАИЛ ДОО Штип, со седиште во Штип, ул. Ванчо Прќе бр. 65, ЕМБС: 68008573, телефон за контакт: (071255454) во натамошниот текст: Организатор).

## 2. Официјалното име и времетраење на промоцијата

Наградната промоција се одвива под назив „#ISTYLEfamily" (во понатамошниот текст: Промоција).
Промоцијата трае 8 (осум) дена, со почеток од 29.12.2023 00:01 часот до 05.01.2024 година до 23:59 часот.

## 3. Територија и предмет на промоција

Промоцијата се спроведува на територијата на Република Северна Македонија.
Промоцијата се спроведува заради промовирање на бесплатна претплата на билтенот #ISTYLEfamily преку веб страната: https://istyle.mk.

## 4. Објава на промоцијата

Промоцијата ќе биде објавена и промовирана преку интернет, на веб-страната https://istyle.mk и преку страниците на Организаторот на социјалните медиуми: Фејсбук и Инстаграм.

За промоцијата, заинтересираните учесници ќе може да се информираат и во малопродажните објекти на Организаторот во трговските центри: Ист Гејт Мол и Сити Мол.

Малопродажните објекти поточно може да се лоцираат на https://istyle.mk/locations.

## 5. Право на учество во промоцијата

Право на учество во промоцијата #ISTYLEfamily имаат сите физички лица со наврешени 18 години, со живеалиште на територијата на Република Северна Македонија, кои ги прифатиле условите за учество во промоцијата, и кои успешно се претплатиле за добивање на билтенот #ISTYLEfamily во периодот на промоцијата односно од 29.12.2023 до 05.01.2024 година.

Право на учество немаат вработените кај Организаторот и вработените кај други правни лица вклучени во развојот на промоцијата, како и членовите на потесниот круг на нивните семејства (за појаснување, како потесно семејство се сметаат членовите на семејството до втор степен на сродство).

## 6. Регистрација за Билтенот #ISTYLEfamily на iStyle

Преку својата веб-страница https://www.istyle.mk/, Организаторот им нуди на сите посетители на страната можност за бесплатна регистрација за претплата на Билтенот #ISTYLEfamily преку е-пошта.

Секој посетител на веб-страницата кој ќе изрази желба да стане претплатник, може да се регистрира за претплата на билтен #ISTYLEfamily бесплатно, само доколку:

(1) Внел точни податоци за валидна адреса на е-пошта и
(2) Ја потврдил регистрацијата за претплата на билтенот;

По регистрацијата преку веб-страницата https://www.istyle.mk/, потврдна е-порака ќе биде испратена до адресата за е-пошта што Посетителот, внесена при регистрацијата за претплатана билтен, заедно со линк за потврда на претплатата. Претплатникот за да ја заврши успешно претплатата, треба уште еднаш да ја потврди својата регистрација со потврда/кликнување на линкот од потврдната е-порака. По ова, Претплатникот се известува дека претплатата за добивање билтен е успешна.

Оваа процедура со двојна потврда, се користи за да се докаже дека сопственикот на адресата за е-пошта е известен за сопствената регистрација за добивање на билтенот и за успешната претплата.

За време на претплатата на билтенот, Организаторот ја чува IP адресата во компјутерскиот систем доделен од Интернет-провајдерот (ISP) на примачот и користен од примачот на податоците во моментот на регистрацијата, како и датумот и времето на регистрација, за целиот период на претплата.

Личните податоци собрани како дел од регистрацијата се користат само за испраќање на билтенот. Дополнително, оние што ќе се претплатат ќе бидат известени преку е-пошта се додека тоа е неопходно за споменатата регистрација.

Личните податоци не се споделуваат со трети лица. Претплатата може да се откаже во секое време. Согласноста за чување на личните податоци дадена од претплатникот за добивање на билтенот може да се отповика во секое време. Во секој билтен има линк за откажување од претплата.

Повеќе детали околу личните податоци и нашата веб-страница - https://istyle.mk/izjava-za-privatnost/

## 7. Услови за учество во промоцијата

Секое заинтересирано лице што сака да учествува во промоцијата „#ISTYLEfamily" треба да ги исполнува условите предвидени во точка 5 од овие Правила. Понатаму, за да учествува во промоцијата потребно е да стане нов претплатник на билтенот на #ISTYLEfamily.

Претплатник на билтенот на iSTYLE се станува со регистрација за претплата на билтенот: #ISTYLEfamily, кое што може да го направат на следниот линк: https://istyle.mk/istyle-family . По регистрацијата, Учесникот на адресата за е-пошта, ќе добие е-порака со потврда и линк за активирање на претплатата. По отворање на линкот за активирање, Учесникот ќе добие уште една е-порака со која се потврдува успешната претплата. По добивање на потврдата за успешна претплата преку е-пошта, се смета дека регистрацијата за претплатата е успешно завршена и е активна.

Секој претплатник, кој ги исполнува условите за учество и кој успешно ќе ја заврши регистрацијата за претплата на билтенот #ISTYLEfamily на начин како што е опишана погоре, се смета за учесник во промоцијата.

Организаторот на промоцијата го задржува правото да ги одбие сите претплати за учество кои се направени на нелегитимен начин, репродуцирани, дуплирани, измислени или модифицирани на било кој начин. Исто така, нема да учествуваат во извлекувањето на наградата и учесниците кои дале неточни, нецелосни или невалидни податоци (неточно име, презиме, адреса за е-пошта и телефонски број).

## 8. Извлекување на наградата

Секој претплатник, кој ги исполнува, се согласил со условите за учество во наградната промоција, и кој успешно ќе ја заврши регистрацијата за претплата на билтенот на iStyle за време на периодот на промоција има можност да учестува, и доколку биде извлечен, да добие награда „AirPods with Charging Case". Во промоцијата се доделуваат вкупно 3 (три) награди: „AirPods with Charging Case ".

Добитникот на наградата ќе биде избран со извлекување преку веб-страницата www.random.org на 10.01.2024 година во 12:00 часот. При извлекувањето на наградата за извлечениот добитник ќе се извлечат и двајца резервни добитници. Доколку се појави пречка за доделување на наградата кај првиот добитник, наградата ќе ја добие првиот резервен добитник, па доколку постои уште една пречка за доделување, наградата ќе ја добие вториот резервен добитник.

Извлекувањето ќе биде на веб-страницата www.random.org .Се избира Добитникот на начин што:
Ќе бидат издвоени/селектирани само квалификуваните учесници кои ги исполнуваат условите од Промоцијата во посебен електронски фајл, од кој фајл понатаму, по случаен избор ќе бидат избрани односно извлечени добитниците на наградата.

## 9. Објавување на добитникот на наградата

Добитникот на наградата ќе биде објавен во рок од 3 дена од извлекувањето на интернет страницата https://www.istyle.mk/ во посебен дел на страницата креиран за оваа намена, со објавување на неговото/нејзиното име и презиме. Исто така, добитникот ќе биде известени преку е-порака, на адресата за е-пошта со која е пријавен како Претплатник на билтенот #ISTYLEfamily.

## 10. Известување на резултатите од промоцијата

Добитникот на наградата ќе биде известен е-пошта за наградата. Доколку Добитникот не биде достапен за контакт во следните 5 дена го губите правото на награда. По истекот на 5-иот ден, организаторот ќе го контактира Добитникот за понатамошниот процес. Доколку учесникот не е достапен во следните 5 дена од било која причина, тој/таа го губи правото на награда. Организаторот нема да има дополнителна одговорност кон учесникот.

## 11. Даночни обврски на добитникот на наградата

Организаторот е одговорен за сите даноци, надоместоци и одговорности поврзани со наградата, вклучувајќи го и данокот од личен доход, во согласност со применливите законски прописи.

## 12. Согласност за користење на лични податоци и приватност

При пополнување на полињата за претплата, на Учесникот во промоцијата ќе му биде предочено известување за приватност во врска со податоците кои ќе се обработуваат во промоцијата, со информации за согласноста која е потребно да ја даде, за да учествува во истата.
По добивањето на сите потребни информации за личните податоци кои ќе бидат предмет на обработка со учеството во промоцијата, Учесникот ќе може да донесе информирана одлука, за да ја даде потребната согласност за обработка на личните податоци.

Информациите кои се однесуваат на личните податоци, заедно со правилата за промоцијата и известувањето за приватност, за времетраењето на промоцијата ќе бидат истакнати на https://istyle.mk/izjava-za-privatnost/.

## 13. Известување за Добитникот

Добитникот ќе биде контактиран и известен преку е-пошта, во рок од два работни дена од објавувањето на www.istyle.mk , Фејсбук и Инстаграм страницата на Организаторот, со цел да биде поканет да ја побара својата награда.

Добитникот нема право на наградата доколку:

- не одговара на известувањето испратено по е-пошта во рок од 5 работни дена од испраќањето, ниту пак контактирал со Организаторот на друг начин;
- постојат докази дека тој намерно влијаел на резултатот;
- се утврди дека дал лажни или неточни информации;
- ги прекршува Условите за учество во наградната промоција; Во таков случај, наградата ќе биде доделена на друг учесник.

### 14. Подигање на наградата

Наградата ќе се подигне во една од продавниците на Организаторот, која ќе ја избере Добитникот.

Добитникот, известен преку е-пошта, мора да присуствува на нашата локација за малопродажба за да ја побара наградата во рок од две недели откако ќе биде известен, каде што ќе треба да го потврди својот идентитет. Во спротивно, ќе го изгубат правото на наградата.

### 15. Одговорности на организаторот

Организаторот се обврзува точно да ја следи процедурата наведена во правилникот. Во случај на промени, тој е должен да ги ажурира и објави промените кои произлегуваат на Фејсбук страницата https://www.facebook.com/iStyle.Makedonija ,страница на Инстаграм
https://www.instagram.com/istylemakedonija , како и на веб-страницата www.istyle.mk

Организаторот не презема никаква одговорност во следните ситуации:

a. ако учесникот дал лажни, неточни или нецелосни податоци.
b. презел манипулативни дејствија во спроведувањето на промоцијата што произлегува од дејствијата на трети лица како што се: дистрибутери на електрична енергија, оператори на веб-страници, оператори на телекомуникациска мрежа или слично.
c. учесникот ги прекршува Условите или важечките закони.

Организаторот има право да ги преземе сите неопходни мерки во случај на обид за измама на промоцијата, злоупотреба или кој било друг обид што може да влијае на имиџот на промоцијата и/или да предизвика материјална штета на Организаторот.

Во случај на спор во врска со извлекувањето и/или доделувањето на наградата, одлуката на Организаторот е конечна. Сите поплаки поврзани со спроведувањето на оваа промоција ќе бидат разгледани доколку Организаторот ги прими до 17.01.2024 година. Приговорите може да се испраќаат само по пошта на адресата на Организаторот.

Организаторот не презема никаква одговорност за:

a) лица кои сакаат да учествуваат на промоцијата надвор од датумите наведени како времетраење на промоцијата;
b) поплаки за освоената награда;

c) настаните во кои одредени лица вклучени во промоцијата не можат делумно или целосно да учествуваат, доколку оваа неможност е резултат на околности надвор од контрола на Организаторот, на кои тој не може да влијае;
d) технички недостатоци на интернет операторот, доколку е применливо;
e) неможност Добитникот да ја преземе наградата или да ја искористи поволноста од причини надвор од контрола на Организаторот;

## 16. Спорови

Сите спорови помеѓу организаторот и учесниците ќе се решаваат по мирен пат и спогодбено. истите ќе бидат решавани спогодбено. Доколку Организаторот и учесниците не успеат да постигнат заемна согласност за разрешување на спорот, надлежен ќе биде Основниот граѓански суд во Скопје, во согласност со прописите во Република Северна Македонија.

## 17. Откажување на промоцијата

Промоцијата може да биде прекината или откажана само во случај, ако настапат околности за кои Организаторот не е одговорен, односно ако постојат околности на кои Организаторот не можел да ги предвиди, спречи, отстрани или избегне. Доколку настапат вакви околности, истите веднаш ќе бидат објавени на веб-страница на Ај Стаил ДОО Штип.

## 18. Важност на правилата за учество во наградната промоција

Овие правила ќе бидат објавени на веб-страница на Ај Стаил ДОО Штип пред почетокот на промоцијата. Истите ќе започнат да се применуваат и ќе важат се до конечно завршување на промоцијата.

Со учеството во промоцијата, се смета дека секој учесник се согласува и безусловно ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правила.

Скопје, на ден 29.12.2023 година,

Организатор

АЈ СТАИЛ ДОО Штип